**З А П И С Н И К**

**Од 3-та Седница на Советот на Општина Бутел одржана на 02.12.2021 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ

Бр.08- 2280/15 Од: 30.12.2021година

**З А П И С Н И К**

**Од Третата Седница на Советот на Општина Бутел,
одржана на ден 02.12.2021 година со почеток во 11,00 часот.**

Седницата ја отвори и водеше Претседателот на Советот на Општина Бутел, д-р Игор Николов,кој констатира дека на седницата присуствуваат мнозинство советници и Советот може полноважно да одлучува.

На Седницата учествуваа: Љејља Исени,Аљајдин Сали,Никола Божиновски,Сељвете Муртези,Дарко Димовски,Мартин Бошковиќ,Дејан Митровски,Игор Николов,Јасмина Кирковска,Самир Исени,Сеад Арслани,Весна Ѓорѓевска ,Снежана Петреска,Чедо Николовски,Александар Ѓорчевски,Стојан Петкуќевски,Оливера Николовска,Игорче Милановски,Оливера Ливриниќ.

Отсутни:Нема

На Седницата исто така учествуваа:Градоначалникот на Општина Бутел Г-дин Дарко Костовски,Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов,Секретарот на Општина Бутел Вене Тасев,Раководителот на Секторот за урбанизам,комунални дејности,заштита на животната средина и Лер Слободан Невенов.

Пред почетокот на седницата ***Претседателот на Советот на Општина Бутел д-р Игор Николов*** побара седницата да започне со едноминутно молчење поради сообраќајната несреќа во Бугарија.

Збор му беше дадено на ***Градоначалникот на Општина Бутел Г-дин Дарко Костовски*** ,кој кажа дека се случил немил настан и нема зборови со кои може да се опише.Во согласност со тоа што може општината да понуди и во каква кондиција е, предлагам да се додаде точка на дневен ред со кои што би помогнале како општина на настраданите од овој немил настан со 250.000 денари.

***Претседателот на Совет д-р Игор Николов*** кажа дека од страна на Советникот Дарко Димовски е доставена уште една точка на дневниот ред со следнава содржина:

,,Изготвување на писмена информација за постојната систематизација на работни места во Општина Бутел и за структурната организираност на основните училишта и останати организации под надлежност на Општина Бутел”.

Записниците од 1-та (Конститутивна) и 2-та Седница на Општина Бутел се ставени на гласање и ***Претседателот на Совет д-р Игор Николов*** констатира дека Советот со 19 гласови ,,ЗА”, нема ,, ВОЗДРЖАНИ”, нема ,,ПРОТИВ”, ги усвои Записниците од 1-та (Конститутивна) и 2-та Седница на Општина Бутел.

На Седницата се дискутираше следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Предлог-Измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Бутел за 2021 година.

2.Предлог-Одлука за затворање на неактивни сметки на Општина Бутел во рамките на едниствената трезорска сметка .

3.Предлог-Одлука за трансфер на средства од сметка на солидарност на сметката на Буџет на Општина Бутел.

4.Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка во Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Бутел за 2020 година.

5.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој за скопски плански регион број: 07-2558/4 од: 08.01.2008 година.

6.Предлог-Одлука за основање на центар за развој на Скопски плански регион(Пречистен текст).

Дополнителни точки:

7.Предлог-Доделување на парична помош на настраданите во автобуската несреќа во Бугарија.

8.Изготвување на писмена информација за постојната систематизација на работните места во Општина Бутел и за структурната организираност на основните училишта и останати организации по надлежност на Општина Бутел.

***Претседателот на Совет д-р Игор Николов*** го стави дневниот ред на гласање и констатира дека Советот со 19 гласови ,,ЗА”, нема ,,ВОЗДРЖАНИ”, нема ,,ПРОТИВ”,истиот го усвои.

***По првата точка од Дневниот ред,Предлог-Измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Бутел за 2021 година,*** збор му беше дадено на Претседателот на Комисијата за финансирање,Буџет и Лер, Јасмина Кирковска да даде извештај.

Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Измената на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Бутел за 2021 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на ***Раководителот за финансиски прашања Андреј Димов*** да даде образложение по оваа точка.

***Раководителот за финансиски прашања Андреј Димов*** даде образложение по оваа точка.

Точката е ставена на гласање и ***Претседателот на Совет д-р Игор Николов*** констатира дека Советот со 19 гласови ,,ЗА'', нема ,,ПРОТИВ”, нема ,,ВОЗДРЖАНИ”, ја усвои Измената на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Бутел за 2021 година.

***По втората точка од Дневниот ред, Предлог-Одлука за затворање на неактивни сметки на Општина Бутел во рамките на единствената трезорска сметка,*** збор му беше дадено на Претседателот на Комисијата за финансирање,Буџет и Лер, Јасмина Кирковска да даде извештај.

Комисијата ја рагледа и прифати Предлог-Одлуката за затворање на неактивни сметки на Општина Бутел во рамките на еднистевната трезорска сметка и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на ***Раководителот за финансиски прашања Андреј Димов*** да даде образложение по оваа точка.

***Раководителот за финансиски прашања Андреј Димов*** даде образложение по оваа точка.

Точката е ставена на гласање и ***Претседателот на Совет д-р Игор Николов*** констатира дека Советот со 19 гласови ,,ЗА'', нема ,,ПРОТИВ'', нема ,,ВОЗДРЖАНИ”, ја усвои Одлуката за затворање на неактивни сметки на Општина Бутел во рамките на еднистевната трезорска сметка.

***По третата точка од Дневниот ред, Предлог-Одлука за трансфер на средства од сметка на солидарност на сметката на Буџет на Општина Бутел,*** збор му беше дадено на на Претседателот на Комисијата за финансирање,Буџет и Лер, Јасмина Кирковска да даде извештај.

Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за трансфер на средства од сметка на солидарност на сметката на Буџет на Општина Бутел и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на ***Раководителот за финансиски прашања Андреј Димов*** да даде образложение по оваа точка.

***Раководителот за финансиски прашања Андреј Димов*** даде образложение по оваа точка.

***Претседателот на Совет д-р Игор Николов,*** кажа дека малку е фрапантна целава ситуација зошто ова е период од 2017-2018 година, а сега е 2021 година.Долго време трае сето ова.

***Раководителот за финансиски прашања Андреј Димов*** ,одговори дека долго време ги баравме луѓето да им ги вратиме парите но не ги најдовме.

Точката е ставена на гласање и ***Претседателот на Совет д-р Игор Николов*** констатира дека Советот со 19 гласови ,,ЗА'', нема ,,ПРОТИВ'', нема ,,ВОЗДРЖАНИ”, ја усвои Одлуката за трансфер на средства од сметка на солидарност на сметката на Буџет на Општина Бутел.

***<u>По четвртата точка од Дневниот ред,Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка во Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Бутел за 2020 година.</u>***збор му беше дадено на Претседателот на Комисијата за урбанизам,комунални дејности,заштита на животната средина и Лер,Дејан Митровски.

***<u>Претседателот на Комисијата за урбанизам,комунални дејности,заштита на животната средина и Лер,Дејан Митровски</u>***,кажа во одлуката се работи за мала измена и тоа за блок 16 и блок 17.
Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка во Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Бутел за 2020 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на ***<u>Раководителот на Секторот за урбанизам,комунални дејности,заштита на животната средина и Лер,Слободан Невенов</u>*** да даде образложение по оваа точка.

***<u>Раководителот на Секторот за урбанизам,комунални дејности,заштита на животната средина и Лер,Слободан Невенов</u>*** даде образложение по оваа точка.

Точката е ставена на гласање и ***<u>Претседателот на Совет д-р Игор Николов</u>*** констатира дека Советот со 19 гласа ,,ЗА'',нема ,,ПРОТИВ", нема ,,ВОЗДРЖАНИ",, ја усвои Одлуката за исправка на техничка грешка во Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Бутел за 2020 година.

***<u>По петтата точка од Дневниот ред, Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој за скопски плански регион број: 07-2558/4 од: 08.01.2008 година,</u>***збор му беше дадено на Претседателот на Комисијата за Статут и прописи,Дејан Митровски да даде извештај по точката.

Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој за скопски плански регион број: 07-2558/4 од: 08.01.2008 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на ***<u>Секретарот на Општина Бутел Вене Тасев</u>*** да даде образложение по оваа точка.

***<u>Секретарот на Општина Бутел Вене Тасев</u>*** даде образложение по оваа точка.

Точката е ставена на гласање и ***<u>Претседателот на Совет д-р Игор Николов</u>*** констатира дека Советот со 19 гласа ,,ЗА'',нема ,,ПРОТИВ", нема ,,ВОЗДРЖАНИ" ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој за скопски плански регион број: 07-2558/4 од: 08.01.2008 година.

***<u>По шестата точка од Дневниот ред, Предлог-Одлука за основање на центар за развој на Скопски плански регион(Пречистен текст),</u>***збор му беше дадено на Претседателот на Комисијата за Статут и прописи,Дејан Митровски да даде извештај по точката да даде извештај по точката.

Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за основање на центар за развој на Скопски плански регион(Пречистен текст) и ја доставува до Советот да ја донесе во предоженииот текст.

Збор му беше дадено на ***<u>Секретарот на Општина Бутел Вене Тасев</u>*** да даде образложение по оваа точка.

***<u>Секретарот на Општина Бутел Вене Тасев</u>*** даде образложение по оваа точка.

Точката е ставена на гласање и Претседателот на Совет д-р Игор Николов констатира дека Советот со 19 гласа ,,ЗА'',нема ,,ПРОТИВ", нема ,,ВОЗДРЖАНИ" ја усвои Одлуката за основање на центар за развој на Скопски плански регион(Пречистен текст).

***<u>По седмата точка од Дневниот ред, Предлог-Доделување на парична помош на настраданите во автобуската несреќа во Бугарија.</u>***
***<u>Претседателот на Совет д-р Игор Николов</u>*** кажа дека оваа точка е предложена од страна на Градоначалникот на Општина Бутел Г-дин Дарко Костовски.

Точката е ставена на гласање и претседателот на Совет д-р Игор Николов констатира дека Советот со 19 гласа ,,ЗА'',нема ,,ПРОТИВ", нема ,,ВОЗДРЖАНИ", го усвои Доделувањето на парична помош на настраданите во автобуската несреќа во Бугарија.

***<u>По осмата точка од Дневниот ред, Изготвување на писмена информација за постојната систематизација на работните места во Општина Бутел и за структурната организираност на основните училишта и останати организации по надлежност на Општина Бутел,</u>***збор му беше дадено на Советникот Дарко Димовски.

***<u>Советникот Дарко Димовски</u>***,кажа дека ја предложил со цел да се добијат информации вклучувајќи го и Градоначалникот на Општина Бутел.Особено е интересен периодот од 2017-2021 год,бидејќи сегашниот-актуелниот градоначалник во неколку наврати пред и за изборната кампања го обвини поранешниот градоначалник Г-дин Смилевски,дека има одредени вработувања(фиктивни) кои што доѓале(не доѓале) на работа а земале плата.Оттука сакам администрацијата што ќе ја изготви систематизацијата што ја барам,го барам бројот на вработени од 2017-2021 год.што се на неопределено време и тие што се на определено време преку ангенција.Колку финансиски средства се исплатени за тие вработувања и на кои работни задачи биле прераспределени во периодот додека биле вработени во Општина Бутел.Ме интересираат бројот на училишните одбори,начинот на кој што се делегирани припадниците на истите.Во образложението имам наведено, сето ова да биде обезбедено за наредна седница, но може да биде и за некој наредна седница.Само да не се чека долг период.Да се разгледаат документите па може да произлезе заклучок или предлог како да се вработуваат луѓе во Општина Бутел со цел да не бидеме медиумски центар.

***<u>Советникот Дејан Митровски</u>***,кажа го поздравува предлогот и дека советничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој предлог.

***<u>Советникот Чедо Николовски</u>***,кажа дека барањето е легитимно за вработувањата, но не ми е јасно изборот на училишните одбори,зошто тука има поранешни директори и наставници.Училишните одбори се избираат од редот на наставниците,Совет на родители од општината и не ми е јасно што точно се бара тука.

***<u>Советникот Дарко Димовски</u>***,кажа дека го интересирало само начинот како се делегираат училишните одбори и колку членови има во секое училиште во Општина Бутел,бидејќи немам достапна информација а страната не функционира од технички причини, а доколку функционираше секако дека ќе ја проверам информацијата.

***<u>Претседателот на Совет д-р Игор Николов</u>*** кажа дека сето ова е од јавен карактер и добро е да се запознаеме.

***Советничката Оливера Ливриниќ***, кажа дека ја поздравува иницијативата како и советничката група на СДСМ,меѓутоа да се обвини дека постоеле фиктивни вработувања,мислам дека самата општина како и вработените не би се дозволило тоа,бидејќи во секоја институција има евиденција на вработени по која што се исплаќаат тие плати.Не верувам дека Секторот за финансии ги дозволил тие вработувања,бидејќи има закон за јавна и државна администрација и незаконски да се поминат тие процедури за кои не обвинува советникот, и не обвинувате како поранешни членови на совет и ние како општина.Се осеќам повикана и би сакала да се разјасни.

***Советникот Дарко Димовски***,кажа дека не обвинил никого,туку барав информации кои ќе бидат достапни за сите за да видиме што се случувало.Секој човек бара работа без разлика дали во приватен или јавен сектор.Меѓутоа не треба да биде политичката припадност кон одредена партија ,причина да тие луѓе ја злоупотребат јавната администрација или пак да бидат избркани од работа,односно да се прави политички реваншизам.Никого не обвинив,ниту претходниот состав ниту претходниот градоначалник,само побарав информации кои што ќе дојдат до сите нас и ќе ги разгледаме на некоја наредна седница..Тука е и градоначалникот кој е присутен на сите 3 седници и ќе ни даде објаснување.

***Градоначалникот на Општина Бутел Г-дин Дарко Костовски***,кажа дека излегол со официјален facebook статус пред извесен период кога вработени преку агенција за вработување им завршија договорите, а не беа прекинати,односно голем број на луѓе кои доаѓале односно не доаѓале на работа а земале плата.Сето тоа сум го кажал со цврста аргументација,со докази и со факти кои ќе бидат изложени за краток временски период во јавноста.Советничката Ливриниќ посочи многу аргументирана работа од нејзина страна,дека треба да се евидентираат тие лица итн,но за жал не биле евидентирани и имаме доказ за тоа.Не само што не се евидентирани,туку и не се појавиле на работа.Не би сакал да стојам зад некое тврдење доколку немам докази.Мило ми е што советничката група на ВМРО го поддржува овој предлог,а го поддржува на некој начин и советничката група на СДСМ,бидејќи на крајот од денот граѓаните треба да знаат за што стува збор.Не обвинив никого.Пред да се дојде такво нешто правам детална анализа.Сметам дека предлогот е добар и тоа што јас лично можам да го кажам на советникот од Левица, е дека јас како извршител на овие одлуки што ги носи советот,оваа информација е да биде јавна што поскоро.Јас и без да беше предложена точката работам на тоа, но со одлука на совет доколку помине ќе биде пототкрепена целава ситуација.Никој не спомна дека Советот донел одредена одлука,а секторот финансии испалаќал тоа што ќе им се каже. Тоа е цела процедура,од човечки ресурси,се криеле одредени информации за некои вработени,бил формиран некој сектор а тој сектор немал раководител итн.која ќе се објасни во иднина.Немам крајна намера да обвинам некого зошто јас така сакам.Народот го чека овој одговор и ќе ги лоцираме грешките.Општина Бутел беше во топ 5 по бројот на вработени во последните 4 години.Тоа што го кажа советникот Дарко е дека ниту еден денар нема да се потроши за овие 4 години за некој кој не го заслужил тоа.

***Советничката Снежана Петреска,***кажа дека сака да одговори на Советникот од Левица во врска со училишните одбори.Како највисок орган на управување во училишните одбори во основните училишта е училишниот одбор согласно законот за основно образование,член 106,вели дека членови се 7 лица од кои 3-ца се избрани од редот на наставниците,стручните соработици и воспитувачите во основните училишта,3-ца се избрани од страна на родителите,односно советот на родители или старатели на учениците и еден е од страна на основачот односно општината.Согласно законот се избираат членовите во училишните одбори.

***Советникот Дарко Димовски*** кажа дека мислел дека бројката е парна,но се 11.

***<u>Советничката Снежана Петреска</u>***,одговори дека се 7 согласно законот од 2019 година.

Точката е ставена на гласање и ***<u>Претседателот на Советот д-р Игор Николов</u>*** констатира дека Советот со 13 гласови ,,ЗА”, 3 ,,ПРОТИВ’’, и 3 ,,ВОЗДРЖАНИ” го усвои Изготвувањето на писмена информација за постојната систематизација на работните места во Општина Бутел и за структурната организираност на основните училишта и останати организации по надлежност на Општина Бутел.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
д-р Игор Николов